НАЦИОНАЛНО БИРО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ
»NATIONAL INSURANCE BUREAU«
Бр. 0201-3684/18
25.10 2018 год.
СКОПЈЕ - SKOPJE

НАЦИОНАЛНО БИРО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ФОРМИРАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ
# НА ГАРАНТЕН ФОНД

**Октомври 2018 година**

**НАЦИОНАЛНО БИРО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ**

**Врз основа на член 58 и 59 од Законот за задолжително осигурување во сообраќајот (Службен весник на РМ бр. 88/2005,70/2006,81/2008,47/2011,135/2011,112/2014 и 145/15) и член 30 од Статутот на Националното Биро за осигурување , Управниот одбор на својата 27-та редовна седница, одржана на ден 25.10.2018 година, го донесе следниот**

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ФОРМИРАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ГАРАНТЕН ФОНД

## 1. Општ дел

**Член 1**

Со овој Правилник се регулираат начинот на формирање и користење на Гарантниот Фонд, постапката за пријавување и рефундирање на штети во Гарантниот Фонд, начинот на извршување на обврските на членките кон Гарантниот Фонд, обврските на Гарантниот Фонд спрема членките, остварувањето на регресите и други прашања поврзани со користењето на средствата на Гарантниот Фонд, врз основа на :

1. Законот за задолжително осигурување во сообраќајот;
2. Договор за основање на Националното Биро за осигурување;
3. Статут на Националното Биро за осигурување;
4. Преземени обврски од склучени меѓународни договори од Системот на зелена карта

## 2. Формирање на Гарантниот Фонд

**Член 2**

Врз основа на член 58 став 1 од Законот за Задолжително осигурување во сообраќајот, Националното биро за осигурување е должно да формира Гарантен фонд кој служи за исплата на:

1. штети настанати на територијата на Република Македонија од непознати и неосигурени моторни возила и приколки, неосигурени чамци и бродови на моторен погон, како и неосигурени воздухоплови;
2. штети настанати на територијата на Република Македонија од превозни средства регистрирани за превоз на патници во јавен сообраќај, за кои сопствениците не склучиле договор за осигурување на патници од последици на несреќен случај-незгода;
3. штети од задолжителни осигурувања кои оштетените лица не можат да ги наплатат поради престанок на друштвото за осигурување со кое е склучен договорот за осигурување, при што се исплаќа само оној дел од штетата кој не бил надоместен од стечајната маса на друштвото за осигурување
4. штети од осигурени моторни возила кои потекнуваат од територијата на Република Македонија за кои согласно со Критскиот договор и други меѓународни договори гарантира Националното биро за осигурување и
5. штети предизвикани од странски моторни возила кои се исплатени од членките на Бирото, согласно меѓународните договори, а не се рефундирани од страна на странски друштва за осигурување во утврдени рокови согласно Внатрешните одредби на Советот на Бироа.

**Член 3**

Согласно член 58 став 2 од Законот за задолжително осигурување во сообраќајот од средствата на Гарантниот фонд не се надоместуваат штети настанати од употреба на неосигурени странски моторни возила што се движат на територијата на Република Македонија, а за кои важат посебни меѓународни договори чиј потписник е Република Македонија.

## 6. Финансирање на Гарантниот Фонд

**Член 4**

**Минимален износ на средства во Гарантниот фонд**

Минималниот износ на средства во Гарантниот фонд го определува Бирото по претходна согласност од Агенцијата за супервизија на осигурување и истиот не може да биде понизок од 3.000.000 ЕВРА во денарска противвредност по среден курс на НБРМ на пресечниот датум на пресметковниот период.

Износот на средства во Гарантниот фонд од став 1 од овој член, за секоја година се определува врз основа на методологија за пресметка на потребните средства во Гарантниот фонд која ја донесува Управниот одбор на Националното биро за осигурување.

Доколку средствата од Гарантниот фонд, согласно став 1 од овој член, бидат целосно или делумно искористени, Управниот одбот на НБО на првата наредна седница донесува одлука за износот на дополнителни средства и изворот на средствата за Гарантен фонд, а Собранието ја верификува одлуката.

Утврдениот износ на дополнителни средства членките се должни да го уплатат во Гарантниот фонд на Бирото, во рок од 30 дена од донесената Одлука на Управниот одбор на Бирото.

**Член 5**

**Квартално финансирање на Гарантен фонд**
**( 4 квартални пресметки секоја година)**

Друштвата за осигурување кои вршат работи на задолжително осигурување се должни да уплатат средства во Гарантниот Фонд кои служат за исплата на штети во секоја од 4 ( четирите ) пресметки во тековна година, во случаите наведени во членот 2 став (1) од овој Правилник, со исклучок на точката 4 од член 2, во износ сразмерен на премијата остварена по одделни класи на задолжително осигурување во претходното тромесечие, за тековното тромесечие од тековната година за исплата на штетите.

Средствата од став (1) на овој член друштвата за осигурување се должни да ги уплатат во рок од 15 дена од денот на добивање на известувањето со Пресметката за кварталот од страна на Бирото.

**Член 6**

Средствата од Гарантниот фонд им припаѓаат на друштвата за осигурување – членки на Бирото сразмерно на уплатениот придонес, по регулирање на сите обврски кон Гарантниот фонд, во случаите на истапување или исклучување на членка на Бирото.

Бирото има посебна жиро сметка на средствата за финансирање на Гарантниот фонд.

**Член 7**

Друштвата за осигурување при зачленување во Бирото се должни да уплатат по 25.000 Евра, во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Р.Македонија на денот на уплатата, во Гарантниот фонд пред потпишување на договорот за основање на Бирото.

**Член 8**

Друштвата за осигурување за секое тримесечје во тековната година, доставуваат во Гарантниот фонд податоци за полисирана премија за сите видови задолжителни осигурувања. Податоците се доставуваат најдоцна до 05-ти во тековниот месец за изминатиот квартал.

Друштвата за осигурување учествуваат во финансирањето на Гарантниот Фонд со уплата на средствата кои се пропорционални на нивното учество во вкупно полисирана премија за сите задолжителни видови осигурување.

Во случај на престанување на членство во Бирото или при исклучување на членство во Бирото, Бирото е должно по целосно регулирање на стасаните обврски од Гарантниот фонд, да ги резервира преостанатите средства на друштвото за период од 5 години , кои ќе се користат исклучиво за исплата на штети предвидени во член 11,став 1,точки 1,2 и 4 од Статутот на Бирото.

По истек на период од 5 години, непотрошените средства кои останале во Гарантниот фонд, а кои припаѓаат на друштвото на кое му престанало членството, во целост му се враќаат на друштвото.

**Член 9**

Средствата во Гарантниот фонд за исплата на штети од член 2 на овој Правилник, се уплатуваат од членките на Бирото, сразмерно на премијата остварена по одделни класи на задолжително осигурување во претходното тримесечје за тековното тримесечје од годината.

Во тек на една календарска година се изготвуваат (4) четири пресметки за следните периоди:

1. прва пресметка за период од 01.01. до 31.03
2. втора пресметка за период од 01.04. до 30.06.
3. трета пресметка за период од 01.07. до 30.09.
4. четврта пресметка за период од 01.10. до 31.12

**Член 10**

По утврдената пресметка на обврските на членките спрема Гарантниот фонд и обврските на Гарантниот фонд спрема членките, за прифатените штети за рефундација, Бирото ќе изврши соодветна компензација за наведениот период од член 9 на овој Правилник.

Ако обврската спрема Гарантниот фонд е поголема од износот на исплатени штети, тогаш членката е должна во рок од 15 дена да ја врати разликата помеѓу пресметаната обврска и исплатените штети.

Доколку пак, членката на Бирото, за штетите од член 2 на Правилникот, исплатила поголем износ на средства од обврската спрема Гарантниот фонд, тогаш Бирото е должно во рок од 15 дена да и ја надомести на членката разликата помеѓу обврската спрема Гарантниот фонд и исплатените штети.

Уплатата на средства во Гарантниот фонд од страна на членките, како и рефундација на средствата од Гарантниот фонд за извршените исплати по штетите, ќе се врши тромесечно.

**Член 11**

При извршената исплата од страна на Бирото на штета од член 2, став 1, точка 4 од средствата на Гарантниот фонд, членката е должна на Бирото да му ги врати исплатените средства на сметката на Гарантниот фонд, во рок од 15 дена од добиеното известување од Бирото.

Доколку членката на Бирото не постапи согласно став 1 од овој член,Директорот на Бирото е должен да изготви писмена информација до членовите на Управиниот одбор на Националното биро за осигурување за секоја исплата.

**Член 12**

Ако осигурителното друштво во утврдениот рок не изврши уплата на средства во Гарантниот фонд на штета од член 2, став 1, точка 4 , Националното биро за осигурување го активира инструментот за обезбедување на плаќање што ќе го утврди Управниот одбро на Бирото.

## 7. Пријавување, обработка и исплата на штети во Гарантниот фонд

**Член 13**

Штетите кои спаѓаат под член 2 точка 1,2 и 3 од овој Правилник, задолжително се пријавуваат во Гарантниот фонд, од страна на оштетените или осигурителните друштва.

Осигурителните друштва, пријавувањето на штетите го вршат со посебни образци изготвени од страна на Стручната служба на Бирото. Пријавите на штети се доставуваат по факс, по пошта или по електронски пошта.

Штетите кои се рефундираат од Гарантниот фонд, осигурителните друштва треба да ги пријавуваат во рок од 5 дена од денот на прием на пријавата .

Оштетените, своите барања за надомест на штета од неосигурени возила ги пријавуваат во осигурителните друштва каде имаат полиса за осигурување од автомобилска одговорност.

Секоја пријавена штета од страна на друштвата за осигурување се заведува во Книгата на штети во Националното биро за осигурување, според интерната класификација на штетата (согласно Упатството за водење евиденција и начин на исплата на средства од Гарантниот фонд).

**Член 14**

Обработката и исплатата на штетите од членот 2 точка 1,2 и 3 од овој Правилник, Националното биро за осигурување може да ја довери за обработка и исплата на членка на Бирото што врши работи на задолжително осигурување и што уплаќа средства во Гарантниот фонд на Бирото.

Оштетеното лице кое претрпело штета согласно членот 58 став 1 од Законот за задолжително осигурување во сообраќајот, има право да поднесе барање за надомест на штета до Бирото или директно до друштвото за осигурување.

Оштетеното лице може да покрене судска постапка против Бирото, односно друштвото за осигурување, ако во рок од три месеци од денот на доставувањето на барањето за надомест на штета, не е платен надоместок за штетата.

**Член 15**

Во случаи кога лицето не е државјанин на Р.Македонија, истото има право да поднесе барање за надомест на штета до осигурителното друштво или до Националното биро за осигурување само доколку е државјанин на држава која на граѓаните на Р.Македонија им обезбедила еквивалентни права да бараат надомест во истите околности.

**Член 16**

Друштвото за осигурување кое извршило обработка на делумна или целосна исплата на штета , согласно член 2 од овој Правилник, има право на поврат на исплатените средства од средствата на Гарантниот фонд.

Покрај повратот на исплатените средства, друштвото за осигурување има право и на надомест за извршената работа – провизија.

Провизијата се плаќа еднаш, без оглед на дополнителните исплати на штетата и тоа:

а) за исплатена штета до 30.000,00 денари, провизијата изнесува 50 Евра во денарска противвредност на денот на плаќање;

б) за исплатена штета од 30.000,00 денари до 100.000,00 денари, провизијата изнесува 100 Евра во денарска противвредност на денот на плаќање;

в) за исплатена штета над 100.000,00 денари, провизијата изнесува 200 Евра во денарска противвредност на денот на плаќање.

**Член 17**

Сите прашања поврзани со водење евиденција и начин на исплата на средствата од Гарантниот Фонд се уредуваат со Упатство, донесено од Комисијата за контрола на штети од Гарантен фонд.

**Член 18**

Друштвото за осигурување по извршената исплата на штетата за која има право на поврат на исплатените средства од средствата на Гарантниот фонд, до Гарантниот фонд во рок од 30 дена од денот на делумно или целосно исплатена штета доставува :

- Записник за увид на лице место, службена белешка
- Налог за извршена исплата
- Образец – О1 (податоци за оштетениот и причинителот на штета)
- Образец – О4 (податоци за штетата , целосно или делумно исплатена, право на регрес, висина на пристојба и сл.)
- Целокупната документација за предметната штета (судска пресуда, спогодба, вештачења, кривична пресуда и друго).

**Член 19**

Друштвото за осигурување по извршената исплата на меѓународна штета која ја рефундира од Гарантниот фонд, заради неплаќање од странското друштво за осигурување, до Гарантниот фонд, доставува :

- фотокопија од документацијата во предметната штета
- налог за извршена исплата
- дописи до странското друштво за осигурување и ургенциите за плаќање на штетата,согласно Внатрешните одредби на Советот на Бироа.

**Член 20**

По извршената исплата на штета од страна на НБО за која е активирана гаранцијата од странското Национално биро за осигурување – членка на Советот на Бироата (активиран guarantee call), согласно 6.1 од Експланаторниот меморандум на Внатрешните одредби на Советот на Бироа, до осигурителното друштво се доставува :

- налог за извршена исплата;
- дописи од странското друштво за осигурување со ургенциите за плаќање на штетата и активираната гаранција од странското Национално биро;
- барање за рефундација на средствата во рок од 15 дена.

Согласно член 6.1 од Внатрешните одредби на Советот на Бироа,Националното биро за осигурување ја гарантира исплатата од страна на неговите членки за секој

износ кој се побарува во согласност со одредбите од членот 5 од Внатрешните одредби на Советот на Бироа.

## 8. Пресметка за прифатени штети кои се рефундираат (надоместуваат ) од Гарантниот фонд

**Член 21**

Друштвата за осигурување перманентно во рок од 30 дена од денот на делумно или целосно исплатена штета ги доставуваат сите штети кои согласно член 2 точка 1,2 и 3 од овој Правилник се рефундираат од Гарантниот фонд.

Стручната служба на Бирото по разгледување на штетите, изготвува збирен преглед на сите прифатени штети за тековниот период. Преглед се изготвува и за секое осигурително друштво, за штетите кои се прифатени за рефундација од Гарантниот фонд.

Прегледот на прифатени штети за секое тримесечје во тековната година за осигурителното друштво содржи:

- број на пријавени штети и вкупен износ на пријавени штети;
- број на прифатени – рефундирани штети по видови на штети (со спецификација – извод од книгата на штети);
- износ на прифатени – рефундирани штети по видови на штети (со спецификација – извод од книгата на штети);
- провизија (со спецификација според висината на штетите);
- вкупен износ на средства кои се рефундираат од Гарантниот фонд

Збирниот преглед за сите прифатени штети за секое тримесечје во тековната година содржи:

- број на прифатени штети по осигурителни друштва;
- број на прифатени – рефундирани штети по осигуриѕелни друштва;
- износ на прифатени – рефундирани штети по осигурителни друштва;
- провизија по осигурителни друштва;
- вкупен износ на средства кои се рефундираат од Гарантниот фонд.

**Член 22**

Основата за утврдување на учество на осигурителните друштва во вкупниот износ на прифатените штети за секое тримесечје во тековната година, е според процентот на учество на осигурителните друштва во вкупната полисирана премија за задолжителните осигурувања во претходниот квартал.

Меѓусебните побарувања и обврски меѓу Бирото и членките, ќе се извршуваат во рок од 15 дена од доставување на Пресметката за тековниот период.

**Член 23**

Осигурителните друштва – членки на Националното биро за осигурување, се должни да доставуваат податоци за пријавени, а неликвидирани штети (резервирани штети состојба 31.12.) кои се содржани во членот 2 од овој Правилник.

## 9. Водење на регресна постапка

**Член 24**

Согласно член 64 од Законот за задолжително осигурување во сообраќајот, Бирото има право на регрес во висина на исплатената штета заедно со камата и трошоци од сопственикот на неосигуреното моторно возило, воздухоплов, пловен објект и сопственик на превозно средство во јавен сообраќај, односно од лицето кое ја предизвикало штетата. Сопственикот, односно лицето кое ја предизвикало штетата, се подеднакво одговорни кон Бирото.

**Член 25**

Вонсудската и судската постапка на остварување на регреси од неосигурени превозни средства ја води Националното Биро за осигурување, согласно Законот за задолжително осигурување во сообраќајот.

Осигурителните друштва регресните побарувања ги остваруваат на основа на Правилник за остварување на регреси од неосигурени возила, донесен од Управниот одбор.

**Член 26**

Во Правилнкот за остварување на регреси е регулирано во кои случаи регресниот должник може целосно или делумно да биде ослободен.

## 10.Комисија за контрола на штети од Гарантен фонд

**Член 27**

Управниот одбор на Националното Биро за осигурување, согласно член 30 од Статутот на Бирото, формира Комисија за контрола на штети од Гарантниот фонд.

**Член 28**

Комисијата за контрола на штети од Гарантниот фонд ги врши следните работи:

- врши контрола на штетите кои се исплатени согласно член 2 од овој Правилник;
- донесува Одлука за квартални пресметки за пријавени и прифатени штети за рефундација од Гарантниот фонд за тековниот квартал од тековната година;
- спроведува Одлуки и заклучоци на Управниот одбор на Бирото;
- донесува Одлуки и заклучоци по други прашања согласно законите и актите на Бирото;
- донесува Одлуки за поврат на средства во Гарантниот фонд, согласно Процедурите донесени од УО од 11.04.2013 година и Упатство од 20.01.2015 година, кога дополнително е утврдено дека немало основ за исплата;
- донесува Деловник за работа на Комисијата за контрола на штети од Гарантен фонд;
- предлага измена и дополнувања на актите по кои работи Комисијата.

**Член 29**

Комисијата за контрола на штети од Гарантниот фонд е составена од претставници на друштвата за осигурување, на начин што секоја членка на Бирото делегира по еден овластен претставник за член, од редот на своите вработени кои се стручни и раководни лица од областа на ликвидација на штети од задолжителните осигурувања.

Членовите на Комисијата ги избира Управниот одбор на Бирото.

Надоместокот за членовите на Комисијата го утврдува Управниот одбор на Бирото.

Комисијата одржува најмалку четири (4) седници во тековната година, а доколку е потребно и повеќе.

**Член 30**

Мандатот на членовите на Комисијата е четири (4) години.

Комисијата избира Претседател и негов заменик со мандат од 2 (две) години.

По истекот на мандатот на Претседателот на Комисијата и неговиот заменик, заменикот претседател станува Претседател.

Претседателот и заменикот претседател се бираат според редоследот на кодот на осигурителното друштво во Бирото, и истите ротираат.

**Член 31**

На членот на Комисијата може да му престане мандатот и пред истекот на рокот за кој е избран ако :

- му престанал работниот однос во друштвото за осигурување кое го делегирало;
- биде отповикан од членката која го делегирала;
- друштвото за осигурување кое го претставува не е веќе членка на Бирото.

Членот на Комисијата може да биде отповикан од членство пред истекот на рокот за кој е избран, на начин и постапка по која се врши и избор за членство во Комисијата.

Мандатот на новоизбраниот член на Комисијата ќе трае до истекот на мандатот на неговиот претходник.

**Член 32**

Комисијата одлучува на седница со која раководи Претседателот или неговиот заменик.

**Член 33**

Седниците на Комисијата ги закажува Претседателот на Комисијата по потреба, по барање на Директорот на Бирото и по барање на најмалку 1/3 од членовите на Комисијата, со писмена покана.

Поканата со дневниот ред и материјалите за седницата се доставуваат на членовите на Комисијата најмалку седум (7) дена пред одржување на седница.

**Член 34**

Комисијата донесува Одлуки и Заклучоци.

Одлуките и заклучоците Комисијата ги донесува со јавно гласање, доколку за одделни прашања не се одлучи поинаку.

Сите прашања поврзани со работата на Комисијата за контрола на штети од Грантен фонд се уредуваат со Деловникот за работа кој го донесува Комисијата за контрола на штети од Гарантен фонд.

**Член 35**

Овој Правилник стапува на сила на денот на донесување од страна на Управниот одбор на НБО, а се применува од 01.01.2019 година.

Со донесувањето на овој Правилник, престанува да важи Правилникот донесен на седница на Собранието на Националното Биро за осигурување на седница одржана на 31.10.2006 година.

**УПРАВЕН ОДБОР НА**
**НАЦИОНАЛНО БИРО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ**
**Зам.Претседател**

**Ралица Губерова**